The Global Language of Business

Студија на случај

Baidu (Баиду): Отсега информациите за производите достапни за пребарување, скенирање и доверба

Водечкиот интернет пребарувач во Кина ги поврза корисниците со верификувани информации за производите и компаниите преку GS1 стандардите

Предизвик

Пред интегрирањето на GS1 стандардите, корисниците на Baidu честопати се соочуваа со тешкотии при наоѓањето точни и целосни информации за производот или компанијата - особено при скенирање баркодови. Овој недостаток на потврдени податоци создаде забуна кај корисниците кои се обидуваа да идентификуваат или разберат производи, ограничувајќи го целокупното искуство на платформите на Baidu.

Решение

Соработувајќи со GS1 Кина, Baidu ги интегрираше GS1 стандардите во три од своите посебни услуги: апликацијата Baidu (за скенирање и/или пребарување), Aiqicha (за податоци за компанијата) и Baidu Health (за содржина за здравствена заштита). Овие апликации сега користат GS1 идентификатори како што се Глобални броеви на трговски единици (GTIN) за да обезбедат точни информации за производите, да ги подобрат профилите на компаниите и да ги поддржат податоците за здравствена заштита.

Бенефити

Интегрирањето на GS1 идентификаторите како што се GTIN-овите во апликациите Baidu, Aiqicha и Baidu Health се подобри точноста и веродостојноста на податоците за производите и компанијата. Ова ги подобри перформансите на скенирање и пребарување, ја поддржа верификацијата на бизнисот и изгради доверба кај корисниците. Со милиони дневни интеракции овозможени од GS1 податоци, Baidu испорачува потранспарентно и беспрекорно дигитално искуство.

Овозможување на доверба при скенирање на производите на мерна каса (at scale)

Апликацијата Baidu сега поддржува скенирање на GS1 баркодови - вклучувајќи GTIN®, GS1-128 и GS1 DataMatrix - низ широк спектар на производи. Оваа функционалност се поврзува директно со платформата за информации за производи во Кина, овозможувајќи му на Baidu да ги презема потврдените податоци за производите во реално време и да ја намали зависноста од извори од трети страни. Како резултат на тоа, корисниците добиваат побрзи, поверодостојни резултати од скенирањето, додека Baidu има корист од поедноставено снабдување со содржина и подобрена точност на податоците.

Посилни бизнис профили со GS1 податоци

Aiqicha, платформата за информации за претпријатија на Baidu, сега интегрира GS1 податоци за производи за да ги збогати профилите на компаниите со потврдени производи, спецификации и слики. Ова помага Aiqicha да се позиционира како посигурен ресурс за евалуација на добавувачи и истражување на бизнисот. Откако соработува со GS1 Кина, Aiqicha забележа зголемување од 10% во времето на скенирање на веб-страницата на информациите за претпријатијата - поддржувајќи посилен ангажман од својата база од над 100 милиони корисници.

Иновации во здравството преку поширока соработка

GS1 Кина и Baidu соработуваат во неколку области, вклучително и здравствената заштита. Еден пример е пилот-проектот со Baidu Health за испорака на електронски медицински упатства (EMI) со GS1 идентификатори - што им олеснува на постарите корисници пристап до доверливи информации за медицината преку аудио, видео или поедноставени формати. Оваа работа ја поддржува националната иницијатива на Кина за дигитализација на содржината во здравствената заштита и подобрување на безбедноста на пациентите.

Тренинзи за стандардите и соработка

GS1 Кина ја поддржа интеграцијата преку обука на техничките тимови на Baidu за GS1 идентификаторите и како да се поврзат со платформата за информации за производи во Кина. Посветена работна група обезбеди брза координација и решавање на проблеми во текот на целиот процес. Оваа соработка му помогна на Baidu ефикасно да ги имплементира стандардите и да обезбеди квалитет на податоците на сите платформи.

Подобрен пристап преку оптимизирано пребарување

GS1 Кина соработуваше со Baidu за да го подобри начинот на кој корисниците пронаоѓаат содржина поврзана со GS1 преку пребарување. Пред соработката, официјалните страници на GS1 Кина се појавуваа пониско во резултатите од пребарувањето - но сега, клучните зборови како „中国物品编码中心 (GS1 Кина)“, „商品条码 (GTIN)“ и „GS1标准 (GS1 стандарди)“ враќаат точни врски на врвот од страниците со резултати. Од почетокот на партнерството, индексот на пребарување на Baidu покажува дека просечната видливост на термините поврзани со GS1 е двојно зголемена - зголемувајќи ја свеста и пристапот до доверливи информации.

Поставување стандард за дигитална соработка

Baidu и GS1 Кина создадоа моќен пример за тоа како глобалните стандарди можат да ги подигнат дигиталните услуги на големо. Од скенирање на производи до транспарентност на претпријатијата и иновации во здравството, интеграцијата со GS1 му помага на Baidu да испорача поточни, доверливи и полесни за користење искуства низ целиот свој дигитален екосистем.

Баиду го подобрува искуството на пребарување и скенирање за своите над 700 милиони корисници преку интегрирање на GS1 стандардите во своите дигитални платформи – од идентификација на производите до податоци за компаниите и иновации во здравството

За Baidu

Баиду ДОО [Baidu, Inc. (NASDAQ: BIDU)] е водечка кинеска технолошка компанија специјализирана за услуги поврзани со интернет и вештачка интелигенција. Познат под прекарот „кинески Google“, Baidu опслужува над 700 милиони корисници и нуди алатки како што се Baidu App, Aiqicha, Baidu Maps и Baidu Health. Baidu, исто така, е лидер во иновациите во вештачката интелигенција преку иницијативи како Ernie Bot и Apollo, нивната платформа за автономно возење.

www.baidu.com

За GS1

GS1 е (деловно и политички) неутрална непрофитна организација која развива и одржува најширок користени глобални стандарди за ефикасна деловна комуникација. Најпознати сме по баркодот, именуван од BBC како едно од „50-те нешта што ја создадоа светската економија“. GS1 стандардите ја подобруваат ефикасноста, безбедноста и видливоста на синџирите на снабдување низ физичките и дигиталните канали во 25 сектори. Нашиот обем и досег - локални организации-членки во 118 земји, 2 милиони компании корисници и 10 милијарди трансакции секој ден - помагаат да се обезбеди дека GS1 стандардите создаваат заеднички јазик што поддржува системи и процеси низ целиот свет.

www.gs1.org

Оригиналот на студијата на случај можете да го преземете и прочитате тука.

Превод и обработка:
м-р Срѓан З. Милутиновиќ, стручен соработник, GS1 Македонија

GS1 AISBL

Avenue Louise 523, BE-1050 Brussels, Belgium
T +32 (0)2 788 78 00 | **F** +32 (0)2 788 78 99 | **E** contactus@gs1.org
www.gs1.org

GS1 Македонија

Ул. Даме Груев 5, Скопје, Македонија
T +389 (0)2 32 54 252 | **E** gs1mk@gs1mk.org.mk
www.gs1mk.org.mk

GS1 is a registered trademark of GS1 AISBL.
All contents copyright © GS1 AISBL 2025.
Printed on recycled paper.